Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх. знак ____
Рок на чување ____
____ 20 ___ год
Потпис

Арх.бр. УП1-15 364/2019
Дата 22.05.2019

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на **СИЛГЕН РЕСУРСИС ИНТЕРНЕШНЛ, ДОО, Кратово**, ул." Гоце Делчев" бр. 70, 1320 Кратово, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на рударски комплекс "Плавица", КО Приковци и КО Шлегово, Општина Кратово и КО Гризилевци, КО Марчино и КО Добрево, Општина Пробиштип.**

Површината на планскиот опфат изнесува 469,99 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y00219** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на рударски комплекс "Плавица", КО Приковци и КО Шлегово, Општина Кратово и КО Гризилевци, КО Марчино и КО Добрево, Општина Пробиштип**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето во неземјоделско земјиште.

5. Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина од 469,99 ha за стопанска намена.

6. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на рударски комплекс "Плавица", КО Приковци и КО Шлегово, Општина Кратово и КО Гризилевци, КО Марчино и КО Добрево, Општина Пробиштип** потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

Имајќи предвид дека во источниот и југоисточниот плански регион се предвидува изградба на повеќе рударски комплекси, **при изработката на стратегиската оцена на влијанието на планскиот документ врз животната средина** да се направи анализа на кумулативното влијание од ново предвидените содржини во просторот и последиците кои може да ги има врз животната средина и здравјето на луѓето во непосредната околина.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина. Доколку со изградбата на рударскиот комплекс настане еколошка штета тогаш потребно е да се предвиди ремедијација на настанатата штета врз животната средина, во врска со водата или природните живеалишта. Мерките за примарна, комплементарна или компензаторска ремедијација да се превземат во согласност со Правилникот за мерките за ремедијација на сторена еколошка штета ("Службен весник на РМ", број 31/11).

7. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на **Државна урбанистичкопланска документација за изградба на рударски комплекс "Плавица", КО Приковци и КО Шлегово, Општина Кратово и КО Гризилевци, КО Марчино и КО Добрево, Општина Пробиштип**, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Во непосредна близина на рудникот се наоѓа предложено за заштита природно наследство во категоријата заштитен предел Осоговски Планини. Во тек е изработка на студија за ревалоризација на подрачјето.

8. Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Р. Македонија на подрачјето на катастарските општини КО Приковци, КО Шлегово во Општина Кратово и КО Гризилевци, КО Марино, КО Добрево во Општина Пробиштип има евидентирани недвижни споменици на културата.

– При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точна локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

– Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**На СИЛГЕН РЕСУРСИС ИНТЕРНЕШНЛ, ДОО, Кратово, ул." Гоце Делчев"бр.70,1320 Кратово** преку ополномоштениот ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ "МАКЕДОНИЈА" А.Д. – СКОПЈЕ, ул. "Дрезденска" 52, 1000 Скопје, врз основа на член 25 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), со постапка бр. 19150 од 02.01.2019 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на рударски комплекс "Плавица", КО Приковци и КО Шлегово, Општина Кратово и КО Гризилевци, КО Марчино и КО Добрево, Општина Пробиштип.** Површината на планскиот опфат изнесува 469,99 ha.

Согласно член 25 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на рударски комплекс "Плавица", КО Приковци и КО Шлегово, Општина Кратово и КО Гризилевци, КО Марчино и КО Добрево, Општина Пробиштип** и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 364/2019 од 13.03.2019 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на рударски комплекс "Плавица", КО Приковци и КО Шлегово, Општина Кратово и КО Гризилевци, КО Марчино и КО Добрево, Општина Пробиштип**, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на рударски комплекс "Плавица", КО Приковци и КО Шлегово, Општина Кратово и КО Гризилевци, КО Марчино и КО Добрево, Општина Пробиштип** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**МИНИСТЕР**
**Sadulla Duraki**

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Реџепи